EUROPEAN COURT OF HUMAN RIGHTS
COUR EUROPÉENNE DES DROITS DE L'HOMME

ВТОР ОДДЕЛ

# СЛУЧАЈ ПЕШОВ И РИСТОВСКИ против СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

*(Апликации бр. 18678/18 и 19821/20)*

ПРЕСУДА

СТРАЗБУР

16 јануари 2024 г.

*Пресудата е конечна, но може да биде предмет на редакциски измени.*

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

**Во случајот Пешов и Ристовски против Северна Македонија,**

Европскиот суд за човекови права (Втор оддел), заседавајќи во Совет, составен од:

*Lorraine Schembri Orland, Претседател,*

*Jovan Ilievski,*

*Diana Sârcu, судии,*

и *Dorothee von Arnim, Заменик секретар,*

апликациите против Република Северна Македонија поднесени до Судот согласно членот 34 од Конвенцијата за заштита на човековите права и основни слободи („Конвенцијата“) од страна на апликантите наведени во табелата во прилог („апликантите“), поднесени на различни датуми наведени во истата;

одлуката да се извести Владата на Северна Македонија („Владата“) застапувана од нејзиниот агент, г-а Д. Џонова, за жалбените наводи во врска со членот 5 §§ 3 и 4 од Конвенцијата (наводно недоволни причини за лишување од слобода на апликантите; наводен недостаток на контрадикторна постапка, усна расправа и брзина во постапката за определување и/или судски надзор на лишувањето од слобода на апликантите) и остатокот од апликацијата да го прогласи за недопуштен;

произнесувањата на страните;

Разгледувајќи го предметот на нејавна седница на 12 декември 2023 година,

Ја донесе следната пресуда, која беше усвоена на истиот датум:

## ПРЕДМЕТ НА СЛУЧАЈОТ

1. Случајот се однесува на наводно недоволно образложение во судските одлуки со кои бил определен притворот против апликантите и одредени процедурални пропусти во постапките за судски надзор на

истиот. Притворот бил определен во врска со две кривични постапки за инцидентот на 27 април 2017 година кога група демонстранти влегле во зградата на Парламентот на тужената Држава.

## I. АПЛИКАЦИЈА БР. 18678/18, ПОДНЕСЕНА ОД Г. ПЕШОВ („ПРВИОТ АПЛИКАНТ“)

2. На 28 ноември 2017 година, на првиот апликант му бил определен куќен притвор. На 30 ноември 2017 година, совет од тројца судии на Основниот кривичен суд Скопје („советот“), заседавајќи на нејавна седница, ја уважил жалбата поднесена од јавниот обвинител – чиј примерок му бил доставен на адвокатот на првиот апликант на 1 декември 2017 година – и го заменил решението за куќен притвор со мерка притвор. Притворот на првиот апликант бил продолжуван во неколку наврати, вклучувајќи и со решение од 26 јануари 2018 година. На 21 февруари 2018 година, Апелациониот суд Скопје („апелациониот суд“) ја одбил жалбата против тоа решение поднесена од страна на апликантот на 30 јануари 2018 година.

3. На 26 март 2018 година, Врховниот суд го заменил притворот на првиот апликант со куќен притвор. На 27 март 2018 година, советот повторно му одредил притвор на првиот апликант и последователно го продолжувал шест пати врз основа на ризик од негово бегство. На 5 октомври 2018 година, првиот апликант бил пуштен да се брани на слобода.

4. Како што објавиле медиумите, во мај 2023 година, Врховниот суд на крај правосилно ја потврдил осудата против првиот апликант.

5. Жалбените наводи на апликантот се однесуваат на членот 5 §§ 3 и 4 од Конвенцијата, поради недоволно причини за неговиот продолжуван притвор, отсуството на усна расправа и отсуството на контрадикторна постапка во врска со притворот определен со одлука

од 30 ноември 2017 година, како и поради долгото траење на постапката на судски надзор над притвор откако истиот му бил продолжен на 26 јануари 2018 година.

## II. АПЛИКАЦИЈА БР. 19821/20, ПОДНЕСЕНА ОД Г. РИСТОВСКИ („ВТОРИОТ АПЛИКАНТ“)

6. Од 30 јули 2019 година до 21 август 2020 година (периодот релевантен за случајот пред Судот), домашниот притвор на вториот апликант бил продолжуван четиринаесет пати, поради ризик од негово бегство.

7. Писмените поднесоци на обвинителството како одговор на жалбите на вториот апликант против тринаесет од решенијата за продолжување (види параграф 6 погоре) не му биле доставени на вториот апликант. Одлуките на апелациониот суд со кои се одбиваат жалбите на вториот апликант против решенијата за продолжување на мерката од 25 декември 2019 и 23 јули 2020 година, му биле доставени на апликантот на 6 февруари и 25 август 2020 година, соодветно.

8. Во април 2023 година – како што објавиле медиумите – апелациониот суд ја укинал пресудата со која вториот апликант бил прогласен за виновен и го вратил случајот на повторно разгледување.

9. Жалбените наводи на вториот апликант се однесуваат на членот 5 §§ 3 и 4 од Конвенцијата поради недоволно причини за мерката за обезбедување присуство и долгото траење на постапката за судски надзор во однос на определениот домашен притвор, како и пропустот да му бидат доставени копии од писмените поднесоци од обвинителството (види параграф 7 погоре).

ОЦЕНА НА СУДОТ

# I. СПОЈУВАЊЕ НА АПЛИКАЦИИТЕ

10. Имајќи го предвид сличниот предмет на апликациите, Судот смета дека е соодветно двете да ги разгледа заедно во една пресуда.

# II. НАВОДНИ ПОВРЕДИ НА ЧЛЕНОТ 5 § 3 ОД КОНВЕНЦИЈАТА

11. За разлика од *Шиповиќ против Северна Македонија* ((одл.), бр. 77805/14 и 77807/14, § 27, 9 март 2021 г.), кривичните постапки против апликантите во овој случај или завршиле со правосилна осуда или сè уште се во тек. Примерите на домашна судска пракса поднесени од Владата не се однесуваат на слични ситуации и не можат да доведат до заклучок дека релевантните одредби од Законот за кривичната постапка за надомест за неосновано лишување од слобода или Законот за облигационите односи (ibid., §§ 33, 35 и 38) се применливи во околностите на случајот. Според тоа, Судот го одбива приговорот на Владата за неисцрпување на правните лекови врз основа на тие закони.

12. Од причините наведени во *Zelčs v. Latvia* (бр. 65367/16, § 44, 20 февруари 2020 г., со дополнителни упатувања), Судот го одбива приговорот на Владата дека апликантите не претрпеле „значителна штета“ согласно членот 35 § 3 (б) од Конвенцијата.

13. Во рамки на значењето на членот 35 § 3 (а) од Конвенцијата, жалбените наводи на апликантите не се очигледно неосновани или недопуштени на која било друга основа и мора да се прогласат за допуштени.

14. Релевантните општи принципи во врска со условот дека мора да има „релевантни и доволни“ причини за да се оправда продолжувањето на притворот, се сумирани во *Buzadji v. the Republic of Moldova* ([GC], бр. 23755/07, §§ 84-91, 5 јули 2016 г., со

дополнителни упатувања), *Миладинов и други* против Поранешна Југословенска Република Македонија (бр. 46398/09 и 2 други, §§ 45-49, 24 април 2014 г.) и *Василкоски и други* против Поранешна Југословенска Република Македонија (бр. 28169/08, §§ 55-57, 28 октомври 2010 г.). Судот ги применува истите критериуми кога ја оценува оправданоста за притвор и куќен притвор (види *Buzadji*, цитиран погоре, §§ 112-14).

15. Имајќи ја предвид утврдената судска пракса на Судот (види *Selahattin Demirtaş v. Turkey* (бр. 2) [Голем судски совет], бр. 14305/17, § 290, 22 декември 2020 г.), предметниот период на притвор во однос на првиот апликант, траел нешто повеќе од десет месеци (од 30 ноември 2017 година до 5 октомври 2018 година (види параграфи 2-3 погоре). Релевантниот жалбен навод на вториот апликант, како што беше известена Владата, се однесува на неговиот куќен притвор помеѓу 30 јули 2019 и 21 август 2020 година (една година и дваесет и два дена – види параграф 6 погоре).

16. Во текот на периодот кој е предмет на апликациите, ризикот од бегство на апликантите бил оправдан од властите во однос на тежината, политичкиот мотив, целта и начинот на извршување или последиците од делото, како и степенот на кривичната одговорност и тежината на потенцијалната казна. Судовите не покажале постоење на ниту еден конкретен факт во поддршка на нивните заклучоци дека постоел ризик од бегство (спореди и со *Рамковски* против Република Македонија, бр. 33566/11, § 63, 8 февруари 2018 г.). Тие се повикале на личните околности на апликантите (нивните семејни врски, имот, отсуство на претходно криминално досие и фактот дека вториот апликант бил вработен), само за да сумарно заклучат дека тие околности не можеле да доведат до поинаков исход и не можеле да обезбедат присуство на апликантите во постапката. Не била направена процена на нивниот карактер, морал или однесување во текот на

претходните фази на постапката (спореди, исто така, со *Buzadji,* цитиран погоре, § 118). Спротивно на произнесувањето на Владата, куќниот притвор на вториот апликант во текот на разгледуваниот период се засновал исклучиво на ризикот од негово бегство (види параграф 6 погоре).

17. Притворот на првиот апликант меѓу 30 ноември 2017 и 26 март 2018 година бил дополнително оправдан од властите поради ризикот од негово мешање во истрагата; сепак, домашните судови не го потврдиле тој ризик со повикување на какви било фактички докази (види *Mikalauskas v. Malta*, бр. 4458/10, § 121, 23 јули 2013 г., повикувајќи се на *Becciev v. Moldova*, бр. 9190/03, § 59, 4 октомври 2005 г.).

18. Овие коснтатации се доволни за Судот да заклучи дека наведените причини за лишувањето од слобода на апликантите не биле доволни. Според тоа, има повреда на членот 5 § 3 од Конвенцијата во однос на двајцата апликанти.

## III. НАВОДНИ ПОВРЕДИ НА ЧЛЕНОТ 5 § 4 ОД КОНВЕНЦИЈАТА

### A. Допуштеност

19. Во својата жалба против решението за притвор од 30 ноември 2017 година, првиот апликант не го навел жалбениот навод дека советот не одржал усна расправа кога му определил притвор. Оттука, овој жалбен навод е недопуштен поради неисцрпување на домашните правни лекови, како што тврди Владата.

20. Жалбените наводи на вториот апликант во врска со процедурални пропусти во три одделни постапки за судски надзор кои завршиле на 15 август, 27 септември и 18 октомври 2019 година, се поднесени надвор од рокот од шест месеци, имајќи предвид дека неговата апликација е поднесена на 13 мај 2020 година.

21. Меѓутоа, во отсуство на какви било примери на релевантна домашна судска пракса, Судот го отфрла наводот на Владата дека барањето за надомест според Законот за кривичната постапка и Законот за облигационите односи (види параграф 11 погоре) бил ефикасен правен лек за предметните жалбени наводи на апликантите. Понатаму, Владата не обезбеди убедлив аргумент дека усната расправа пред повисокиот (апелационен) суд можела да го ремедира доцнењето во испраќањето или неиспраќањето на жалбата од обвинителството или неговите поднесоци како одговор на соодветните апликанти. Судот, исто така, го одбива приговорот на Владата дека апликантите не претрпеле значителна штета (види параграф 12 погоре). И на крај, нема основ да се утврди дека имало злоупотреба на правото на апликација согласно членот 35 § 3 (а) од Конвенцијата, бидејќи првичната изјава на првиот апликант дека жалбата од обвинителот не му била доставена (додека всушност му била доставена на неговиот адвокат, но дури откако судската одлука по таа жалба веќе била донесена) не се однесува на самата суштина на случајот (спореди со *Лукарев* против Поранешна Југословенска Република Македонија (одл.), бр. 3172/07, §§ 22-26, 15 јануари 2013 г.).

22. Како заклучок:

- жалбените наводи во врска со долгото траење на постапките за преиспитување на решението во однос на првиот апликант од 26 јануари 2018 година и решенијата за куќен притвор на вториот апликант од 25 декември 2019 година и 23 јули 2020 година;

- жалбениот навод на првиот апликант дека жалбата од јавниот обвинител против одлуката за куќен притвор од 28 ноември 2017 година не му била доставена; и

- жалбениот навод на вториот апликант дека не му бидат доставени копии од поднесоците на Вишиот јавен обвинител како одговор на

неговите жалби против десет од решенијата за куќен притвор донесени помеѓу 28 октомври 2019 година и 21 август 2020 година;

не се очигледно неосновани во смисла на членот 35 § 3 (а) од Конвенцијата, ниту се недопуштени по која било друга основа. Затоа, мора да се прогласат за допуштени.

**Б. Основаност**

23. Релевантните општи принципи во врска со постапките според членот 5 § 4, кои мора да бидат контрадикторни и секогаш мора да обезбедуваат „еднаквост на оружјата“ меѓу странките, обвинителот и притвореното лице, и во кои „брзо“ мора да се донесе одлука за законитоста на притворот, се сумирани во *Миладинов и други* (цитиран погоре, §§ 63-64, со дополнителни упатувања) и *Рамковски* (цитиран погоре, § 73).

1. *Првиот апликант*

24. Од истите причини како и во случајот *Доцевска-Божиноска* против Северна Македонија ([Совет], бр. 25190/18, § 12, 9 мај 2023 г., со дополнителни упатувања), постои повреда на членот 5 § 4 од Конвенцијата поради фактот што жалбата на обвинителот против решението за куќен притвор од 28 ноември 2017 година му била доставена на адвокатот на првиот апликант дури откако советот го заменил решението за куќен притвор со притвор и затоа во постапката не била обезбедена „еднаквост на оружјата“.

25. Судот, дополнително, смета дека е прекумерно што биле потребни дваесет и два дена за апелациониот суд да одлучи по жалбата на првиот апликант против решението од 26 јануари 2018 година (види, на пример, *Snyatovskiy v. Russia*, бр. 10341/07, § 65, 13 декември 2016 г.). Останатите аргументи на Владата (како, на пример, дека

апелациониот суд одржал расправа, дека првиот апликант можел да направи увид во списите на предметот или дека случајот е сложен) не можат да доведат до поинаков исход. Според тоа, подеднакво има повреда на членот 5 § 4 од Конвенцијата.

2. *Вториот апликант*

26. Од истите причини како и оние наведени во *Миладинов и други* (цитиран погоре, § 67), фактот што на вториот апликант не му биле доставени копии од поднесоците на Вишиот јавен обвинител како одговор на неговите жалби против десет продолжувања на неговиот куќен притвор, претставува повреда на неговото право на контрадикторна постапка од членот 5 § 4 на Конвенцијата.

27. Со оглед на овој наод, не е неопходно да се одлучи дали постапката на судски надзор над куќниот притвор на вториот апликант во некоја од истите тие постапки била брзо спроведена (види *Hristov v. Bulgaria*, бр. 35436/97, §§ 118-19, 31 јули 2003 г.).

ПРИМЕНА НА ЧЛЕНОТ 41 ОД КОНВЕНЦИЈАТА

28. Првиот апликант побара 1.500 евра во однос на претрпена штета како резултат на повредата на членот 5 § 4 од Конвенцијата, како и еквивалент од приближно 1.440 евра во однос на трошоци за постапката пред Судот.

29. Вториот апликант побара 3.500 евра за нематеријална штета, како и 3.000 евра за трошоци направени во домашната постапка и 1.500 евра за трошоци направени пред Судот.

30. Владата изјави дека барањата се прекумерни и неосновани.

31. Судот им доделува на секој од апликантите по 750 евра во однос на нематеријална штета, плус било кој данок што може да им се наплати на апликантите за тој износ.

32. Имајќи ги предвид документите што ги поседува, Судот доделува 1.440 евра на првиот апликант и 1.500 евра на вториот апликант за трошоци во постапките пред Судот, плус секој данок што може да им се наплати за тие износи.

ОД ОВИЕ ПРИЧИНИ, СУДОТ, ЕДНОГЛАСНО,

1. *Одлучи* да ги спои апликациите;

2. *Ги прогласи* за допуштени жалбените наводи на апликантите во однос на членот 5 § 3 од Конвенцијата и нивните жалбени наводи во однос на членот 5 § 4 од Конвенцијата, како што е наведено во параграф 22 погоре, а остатокот од жалбените наводи за недопуштени;

3. *Одлучи* дека има повреда на членот 5 § 3 од Конвенцијата во однос на двајцата апликанти;

4. *Одлучи* дека има повреда на членот 5 § 4 од Конвенцијата во однос на првиот апликант, поради задоцнетата достава на жалбата од јавниот обвинител против решението за неговиот куќен притвор и поради долгото траење на постапката на судски надзор над неговиот притвор;

5. *Одлучи* дека има повреда на членот 5 § 4 од Конвенцијата во однос на вториот апликант поради тоа што не му биле доставени копии од поднесоците од Вишиот јавен обвинител како одговор на жалбите на апликантот против десет решенија за продолжување на куќниот притвор;

6. *Одлучи* дека не е неопходно посебно да се разгледува основаноста на жалбениот навод на вториот апликант за прекумерното

времетраење на постапката за судски надзор во врска со продолжувањето на неговиот куќен притвор;

7. *Одлучи*

(а) дека тужената Држава треба, во рок од три месеци, треба да ги исплати следните износи, што треба да се конвертираат во валутата на тужената Држава според курсот на датумот на исплата;

(i) 750 ЕУР (седум илјади и петстотини евра) на секој од апликантите на име нематеријална штета, плус каков било данок што може да се наплати на тој износ,;

(ii) 1.440 ЕУР (илјада четиристотини и четириесет евра) на првиот апликант и 1.500 ЕУР (илјада и петстотини евра) на вториот апликант, на име трошоци, плус секој данок што може да се наплати на тие износи;

(б) дека од истекувањето на горенаведените три месеци до исплата на горенаведените износи ќе се плати камата по стапка еднаква на најниската каматна стапка за позајмени средства на Европската централна банка за време на периодот на доцнење, плус три процентни поени;

8. *Го одби* остатокот од побарувањата на апликантите за правичен надомест.

Изготвено на англиски јазик и објавено во писмена форма на 16 јануари 2024 година, во согласност со правилото 77 §§ 2 и 3 од Деловникот на Судот.

*Dorothee von Arnim* — Заменик секретар

*Lorraine Schembri Orland* — Претседател

# ПРИЛОГ

Список на предмети:

| **Бр.** | **Бр. на апликација** | **Име на предмет** | **Поднесена на** | **Година на раѓање Место на живеење Националност на апликантот** | **Застапуван од** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 18678/18 | Пешов против Северна Македонија | 12/04/2018 | Митко ПЕШОВ<br>1976<br>Кавадарци<br>Македонец/граѓанин на Северна Македонија | Павлина ЗЕФИЌ-ЈАКИМОВСКА |
| 2. | 19821/20 | Ристовски против Северна Македонија | 13/05/2020 | Спиро РИСТОВСКИ<br>1981<br>Скопје<br>Македонец/граѓанин на Северна Македонија | Анета ИЛИЕВСКА |